232	4583631.502	7603077.065	281	4578154.164	7612294.191
233	4583605.900	7603099.809	282	4578167.385	7612497.382
234	4582578.060	7604020.043	283	4578117.017	7612614.282
235	4582325.620	7604116.620	284	4578106.703	7612772.518
236	4581782.972	7604616.374	285	4578199.773	7612950.531
237	4581465.557	7604713.979	286	4578359.134	7613117.670
238	4581397.862	7604710.133	287	4578490.526	7613411.098
239	4581370.550	7604721.171	288	4578506.619	7613525.643
240	4581180.655	7604917.863	289	4578450.692	7613730.284
241	4581133.331	7604945.951	290	4578354.737	7613867.998
242	4581063.810	7604946.588	291	4578150.387	7613938.425
243	4580975.715	7605011.603	292	4578061.618	7614043.647
244	4580968.454	7605013.350	293	4578092.429	7614317.949
245	4580770.617	7605060.937	294	4578112.986	7614465.627
246	4580672.987	7605118.369	295	4578077.128	7614564.752
247	4580542.856	7605163.184	296	4577942.100	7614645.202
248	4580291.116	7605543.929	297	4577828.672	7614720.533
249	4580215.727	7605736.235	298	4577811.289	7614861.864

Бр. на точка	Y	X	Бр. на точка	Y	X
299	4577833.018	7614992.826	348	4571614.560	7618867.789
300	4577817.289	7615208.381	349	4571430.227	7619225.608
301	4577414.171	7615406.247	350	4571330.129	7619308.996
302	4577334.721	7615537.007	351	4570884.513	7619907.044
303	4577100.829	7615652.478	352	4570841.960	7620184.078
304	4576955.499	7615796.065	353	4570709.785	7620347.065
305	4576908.951	7616009.200	354	4570385.583	7620546.575
306	4576801.403	7616093.093	355	4570332.513	7620627.388
307	4576734.306	7616318.820	356	4570228.939	7620964.374
308	4576557.161	7616561.981	357	4570251.740	7621048.600
309	4576363.539	7616665.967	358	4570237.243	7621134.971
310	4576126.386	7616759.810	359	4570107.467	7621265.888
311	4576039.731	7616808.295	360	4569985.460	7621463.906
312	4575970.607	7616806.764	361	4569986.131	7621845.454
313	4575893.291	7616851.519	362	4569967.895	7621877.632
314	4575848.439	7616935.289	363	4569866.723	7621925.313
315	4575498.995	7617077.229	364	4569706.846	7622171.055
316	4575248.032	7617271.866	365	4569646.783	7622323.204
317	4575165.279	7617416.090	366	4569444.408	7622463.007
318	4574940.968	7617574.994	367	4568659.148	7622901.386
319	4574776.643	7617600.522	368	4568633.710	7623032.774
320	4574570.692	7617538.295	369	4568605.686	7623130.893
321	4574430.975	7617547.441	370	4568612.792	7623282.976
322	4574333.128	7617561.839	371	4568575.596	7623338.362
323	4574275.253	7617625.589	372	4568416.051	7623432.996
324	4574127.962	7617663.084	373	4568345.996	7623506.874
325	4574053.779	7617738.043	374	4568158.046	7623535.023
326	4573947.081	7617742.093	375	4568038.205	7623495.030
327	4573475.348	7617892.750	376	4567973.862	7623535.830
328	4573219.584	7618123.226	377	4567975.302	7623655.369
329	4573176.838	7618144.800	378	4567897.271	7623850.220
330	4573170.326	7618131.896	379	4567739.654	7624049.289
331	4573164.332	7618119.244	380	4567532.265	7624145.476
332	4573147.198	7618127.811	381	4567406.504	7624161.191
333	4573152.308	7618137.520	382	4567206.761	7624379.203
334	4573131.149	7618148.158	383	4567080.872	7624434.797
335	4573139.074	7618163.860	384	4566992.581	7624424.204
336	4573111.732	7618177.659	385	4566792.699	7624344.659
337	4573094.151	7618142.923	386	4566766.185	7624233.081
338	4573071.858	7618154.237	387	4566696.487	7624154.115
339	4573084.724	7618179.590	388	4566650.036	7624111.644
340	4573037.682	7618165.521	389	4566668.284	7623961.886
341	4572969.693	7618167.067	390	4566621.773	7623840.928
342	4572894.573	7618097.327	391	4566514.040	7623781.775
343	4572804.438	7618058.525	392	4566237.100	7623696.568
344	4572687.025	7618070.328	393	4565969.939	7623635.386
345	4572608.244	7618135.950	394	4565768.691	7623816.289
346	4572459.448	7618198.140	395	4565616.448	7623916.974
347	4572378.257	7618288.285	396	4565138.492	7624719.903

Бр. на точка	Y	X	Бр. на точка	Y	X
397	4564833.954	7624948.240	446	4556347.079	7633448.341
398	4564720.459	7625196.274	447	4556347.180	7633448.480
399	4564486.862	7625308.357	448	4556346.753	7633448.761
400	4564417.333	7625494.515	449	4556199.107	7633638.692
401	4564256.102	7625542.099	450	4555114.422	7634145.480
402	4564146.725	7625562.475	451	4554920.799	7634561.434
403	4564068.556	7625559.851	452	4554822.992	7635061.839
404	4563996.575	7625590.448	453	4554791.533	7635090.804
405	4563239.523	7625731.484	454	4554808.467	7635109.196
406	4563151.016	7625845.445	455	4554845.956	7635074.678
407	4563129.803	7626030.107	456	4554944.750	7634569.221
408	4563166.949	7626526.224	457	4555133.248	7634164.279
409	4563169.710	7626813.700	458	4556215.147	7633658.792
410	4562982.121	7626864.613	459	4556549.429	7633228.774
411	4562886.200	7626914.400	460	4557027.281	7633026.851
412	4562767.443	7626922.878	461	4557231.305	7632689.855
413	4560936.039	7627419.935	462	4557358.300	7632563.130
414	4559908.201	7628670.455	463	4557439.782	7632345.504
415	4559836.376	7629051.527	464	4557523.009	7632208.035
416	4559556.420	7629440.287	465	4557830.982	7632147.467
417	4559401.425	7630090.647	466	4557982.127	7631913.630
418	4559349.082	7630171.290	467	4558260.108	7631664.309
419	4559266.372	7630431.500	468	4558744.075	7631603.441
420	4559245.440	7630437.240	469	4558952.411	7631501.761
421	4559234.040	7630444.460	470	4559158.679	7630852.834
422	4559232.687	7630454.305	471	4559299.793	7630922.915
423	4559220.088	7630555.027	472	4559434.213	7631138.108
424	4559218.610	7630566.600	473	4559684.610	7631186.643
425	4559214.275	7630595.398	474	4559685.562	7631181.735
426	4559118.979	7630895.202	475	4559437.300	7631133.614
427	4559118.930	7630895.960	476	4559303.284	7630919.067
428	4559118.734	7630895.973	477	4559165.794	7630850.740
429	4558931.827	7631483.988	478	4559241.315	7630610.412
430	4558736.839	7631579.154	479	4559257.592	7630625.845
431	4558722.667	7631580.936	480	4559265.798	7630605.731
432	4558722.800	7631581.260	481	4559291.431	7630613.618
433	4558721.801	7631581.045	482	4559292.006	7630611.750
434	4558249.234	7631640.479	483	4559574.212	7630825.438
435	4557962.946	7631897.251	484	4560156.127	7631047.752
436	4557815.746	7632124.985	485	4560177.372	7631065.201
437	4557507.345	7632185.636	486	4560212.465	7631086.155
438	4557502.354	7632193.879	487	4560225.314	7631095.990
439	4557502.570	7632194.790	488	4560228.350	7631092.000
440	4557501.778	7632194.830	489	4560215.275	7631082.010
441	4557417.188	7632334.552	490	4560180.260	7631061.102
442	4557336.793	7632549.273	491	4560178.735	7631059.842
443	4557211.494	7632674.306	492	4560177.180	7631061.630
444	4557010.090	7633006.975	493	4560177.070	7631061.570
445	4556533.693	7633208.283	494	4560177.220	7631061.360

Бр. на точка	Y	X	Бр. на точка	Y	X
495	4560178.591	7631059.723	544	4566986.366	7624448.637
496	4560158.909	7631043.462	545	4567084.700	7624460.435
497	4559576.662	7630821.021	546	4567221.654	7624399.955
498	4559293.571	7630606.663	547	4567418.727	7624184.858
499	4559297.314	7630594.503	548	4567539.241	7624169.799
500	4559280.545	7630589.343	549	4567755.564	7624069.468
501	4559308.220	7630500.192	550	4567919.128	7623862.889
502	4559312.685	7630486.145	551	4568000.361	7623660.044
503	4559345.910	7630496.706	552	4567999.028	7623549.475
504	4559364.086	7630439.525	553	4568041.560	7623522.505
505	4559296.847	7630418.152	554	4568155.819	7623560.635
506	4559371.887	7630182.075	555	4568358.213	7623530.323
507	4559424.744	7630100.639	556	4568431.797	7623452.723
508	4559579.594	7629450.888	557	4568593.204	7623356.985
509	4559859.913	7629061.623	558	4568638.150	7623290.059
510	4559931.582	7628681.380	559	4568630.850	7623133.819
511	4560950.287	7627441.972	560	4568658.047	7623038.594
512	4562528.055	7627013.754	561	4568681.483	7622917.550
513	4562528.050	7627013.630	562	4569457.636	7622484.254
514	4562528.750	7627013.566	563	4569667.245	7622339.454
515	4562771.647	7626947.642	564	4569729.175	7622182.577
516	4562893.132	7626938.968	565	4569883.806	7621944.900
517	4562991.258	7626888.038	566	4569985.732	7621896.863
518	4563194.895	7626832.769	567	4570011.142	7621852.025
519	4563191.940	7626525.097	568	4570010.472	7621470.969
520	4563154.983	7626029.975	569	4570127.244	7621281.448
521	4563175.054	7625855.252	570	4570260.585	7621146.935
522	4563253.441	7625754.321	571	4570277.300	7621047.345
523	4564003.840	7625614.524	572	4570254.958	7620964.814
524	4564073.245	7625585.023	573	4570355.363	7620638.135
525	4564148.617	7625587.553	574	4570403.425	7620564.950
526	4564261.945	7625566.441	575	4570726.518	7620366.123
527	4564436.384	7625514.958	576	4570865.642	7620194.566
528	4564506.757	7625326.540	577	4570908.278	7619916.991
529	4564739.429	7625214.901	578	4571348.407	7619326.309
530	4564854.040	7624964.426	579	4571450.128	7619241.568
531	4565157.445	7624736.939	580	4571634.189	7618884.277
532	4565589.679	7624010.819	581	4572026.486	7618586.596
533	4565635.006	7623934.673	582	4572026.560	7618586.370
534	4565784.026	7623836.120	583	4572026.715	7618586.423
535	4565977.004	7623662.651	584	4572395.252	7618306.772
536	4566230.625	7623720.733	585	4572474.268	7618219.042
537	4566504.246	7623804.918	586	4572621.354	7618157.566
538	4566601.721	7623858.439	587	4572697.143	7618094.437
539	4566642.714	7623965.045	588	4572800.498	7618084.047
540	4566623.662	7624121.404	589	4572880.725	7618118.584
541	4566678.630	7624171.662	590	4572960.119	7618192.291
542	4566743.307	7624244.940	591	4573034.303	7618190.605
543	4566771.380	7624363.082	592	4573055.312	7618196.888

Бр. на точка	Y	X	Бр. на точка	Y	X
593	4573055.280	7618196.510	642	4578097.598	7614581.657
594	4573055.351	7618196.899	643	4578138.600	7614468.310
595	4573101.657	7618210.748	644	4578117.236	7614314.830
596	4573181.919	7618170.239	645	4578087.663	7614051.546
597	4573316.237	7618343.373	646	4578165.050	7613959.815
598	4573302.832	7618358.118	647	4578370.589	7613888.978
599	4573262.805	7618386.559	648	4578473.671	7613741.036
600	4573333.120	7618467.148	649	4578532.092	7613527.265
601	4573336.887	7618463.861	650	4578514.790	7613404.113
602	4573270.195	7618387.441	651	4578380.194	7613103.529
603	4573306.168	7618361.882	652	4578220.297	7612935.827
604	4573322.763	7618343.627	653	4578132.106	7612767.148
605	4573186.467	7618167.944	654	4578141.683	7612620.213
606	4573233.835	7618144.038	655	4578192.722	7612501.755
607	4573488.083	7617914.927	656	4578178.720	7612286.560
608	4573951.437	7617766.945	657	4578112.283	7612175.137
609	4574064.599	7617762.651	658	4578043.957	7611973.531
610	4574140.852	7617685.600	659	4578089.098	7611855.290
611	4574195.491	7617671.691	660	4578079.294	7611638.151
612	4574195.830	7617670.990	661	4578149.545	7611343.963
613	4574196.361	7617671.469	662	4578246.466	7611228.189
614	4574288.708	7617647.961	663	4578225.600	7611121.095
615	4574345.622	7617585.270	664	4578128.544	7611034.354
616	4574433.616	7617572.322	665	4578069.397	7610907.778
617	4574567.801	7617563.537	666	4577954.962	7610724.579
618	4574774.859	7617626.100	667	4577761.318	7610491.073
619	4574950.619	7617598.795	668	4577535.052	7610466.650
620	4575184.223	7617433.307	669	4577412.519	7610345.989
621	4575267.257	7617288.593	670	4577184.383	7610014.574
622	4575511.594	7617099.095	671	4577096.560	7609625.643
623	4575866.215	7616955.052	672	4577155.311	7609353.197
624	4575911.973	7616869.592	673	4577267.734	7609106.300
625	4575977.063	7616831.913	674	4577456.947	7608905.281
626	4576045.991	7616833.440	675	4577736.069	7608671.219
627	4576137.137	7616782.442	676	4578038.431	7608516.837
628	4576374.088	7616688.679	677	4578114.938	7608078.892
629	4576574.011	7616581.308	678	4578238.830	7607937.963
630	4576757.044	7616330.065	679	4578304.487	7607365.921
631	4576823.088	7616107.884	680	4578452.420	7607086.271
632	4576931.448	7616023.358	681	4578605.303	7607046.110
633	4576978.342	7615808.640	682	4578724.866	7606939.273
634	4577115.523	7615673.105	683	4578955.261	7606793.207
635	4577352.309	7615556.204	684	4579234.272	7606685.995
636	4577431.743	7615425.471	685	4579579.799	7606360.904
637	4577841.179	7615224.504	686	4579838.948	7606020.805
638	4577858.169	7614991.673	687	4580103.773	7605913.866
639	4577836.543	7614861.333	688	4580237.585	7605748.973
640	4577852.082	7614734.997	689	4580313.428	7605555.513
641	4577955.421	7614666.366	690	4580559.026	7605184.056

Бр. на точка	Y	X
691	4580683.500	7605141.189
692	4580780.084	7605084.373
693	4580974.301	7605037.656
694	4580986.485	7605034.725
695	4581072.138	7604971.513
696	4581140.298	7604970.889
697	4581196.306	7604937.646
698	4581278.176	7604852.846
699	4581277.960	7604852.280
700	4581278.749	7604852.253
701	4581384.845	7604742.359
702	4581402.036	7604735.411
703	4581468.617	7604739.193
704	4581795.738	7604638.603
705	4582268.248	7604203.444
706	4582268.090	7604203.000
707	4582269.025	7604202.728
708	4582339.030	7604138.257
709	4582591.301	7604041.745
710	4583651.862	7603092.207
711	4583652.620	7603091.260
712	4583652.826	7603091.345
713	4583763.692	7602992.085
714	4584093.618	7602891.036
715	4584316.507	7602955.170
716	4584389.651	7602956.871
717	4584453.300	7602931.931

Површината на планскиот опфат е 173.87 ha (1738744.2 m2).

2. ИЗВОДИ ОД ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО НА ПЛАНИРАЊЕ И ДРУГИ ПОДАТОЦИ ШТО ПРОЕИЗЛЕГУВААТ ОД ДРУГИ РАЗВОЈНИ ДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ И СТРАТЕГИИ НА РАЗВОЈ

Просторот во рамки на планскиот опфат за **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**, досега не е урбанизиран и за него **нема изработено планска документација**.

За усогласување на **УППГДЗ за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** со плановите од повисоко ниво на планирање, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање издаде **Услови за планирање на просторот** кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија 2002-2022 со **тех. Бр. Y16321** од декември 2021 со решение за Услови за планирање на просторот Арх.бр. УП1-15 1849/2021 од 10.12.2021, добиени од Агенцијата за планирање на просторот и истите се дадени во целот како прилог на оваа планска документација.
Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е план кој се изработува согласно Просторниот план на РС Македонија и служи за негово спроведување и разработка, а се донесува за подрачја и градби од државно значење кои не се опфатени и не може да се уредуваат со урбанистичките планови од локално значење.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, се изработува врз основа на условите и барањата дадени во **Планската програма за изработка Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција од март 2022**, одобрена од Министерство за транспорт и врски на РС Македонија со Решение бр. 02-961/1 од 8.02.2022.

За предметната траса на интерконективниот гасовод, е изработен плански опфат без историја на планирање. Делови од планскиот опфат на гасоводот навлегуваат во веќе донесени урбанистичко плански документации на општините Богданци, Гевгелија, Демир Капија и Неготино, но во истите не е предвидина трасата на **Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 5+821.09 до км 5+835.59 навлегува во опфатот на планската документација **Проект за инфраструктура за систем за водоснабдување на с.Селемли од бунарско подрачје во општина Богданци.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција**, навлегува во опфатот на планска документација **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за изградба на ОТКУПНО-ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА СВЕЖО ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК, ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА во м.в. "Горни Чаир", КО Богданци, општина Богданци.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 8+294.04 до км 8+359.98 навлегува во опфатот на планска документација **Урбанистички проект за експлоатациски бунари општина Богданци.**

Со мал дел од заштитниот појас на гасоводот кај стационажа 13+500 се навлегувана **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** навлегува во опфатот на планска документација **Урбанистички план за с. Прдејци општина Гевгелија.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 16+78.42 до км 17+34.86 навлегува во опфатот на планска документација **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА - "БИЛОТО", КО ПРДЕЈЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 36+238.28 до км 36+311.93, од км 36+756,58 до км 36+767,06, од км 38+738.76 до км 38+759,9, од км 39+604,36 до км 39+615,96, од км 47+624,87 до км 47+637,79 навлегува во опфатот на планска документација **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК ДРЕН, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА И ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 39+604,36 до км 39+616,37, од км 41+819,3 до км41+834,53 навлегува во опфатот на планска документација **Проект за инфраструктура за изградба на ветерен парк Дрен - ДЕЛ 2, Општина Демир Капија .**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 48+328,55 до км 48+356,46, од км 56+251,95 до км 56+279,65 навлегува во опфатот на планска документација **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ДАЛЕКОВОД 110кв ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" - ТС 400/110кв "ДУБРОВО" И ЗА ИЗГРАДБА НА ТРАФОСТАНИЦА ТС 110/33кв "ВЕЦ ДЕМИР КАПИЈА (ДРЕН)" КО ТРЕМНИК - ОПШТИНА НЕГОТИНО, КО ПРЖДЕВО, КО ДЕМИР КАПИЈА, КО БЕСВИЦА, КО ЧИФЛИК, КО ДРЕН - ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА, КО ПЕТРОВО - ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** навлегува во опфатот на планска документација **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА С.ЧИФЛИК, К.О. ЧИФЛИК, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 51+228,33 до км 51+231,65 навлегува во опфатот на планска документација **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА, ЗА МХЕЦ ДОШНИЦА И ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ КО ЧИФЛИК, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 52+533,87 до км 52+534,91 навлегува во опфатот на планска документација **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА ЗА ИЗГРАДБА НА 20kV ПОДЗЕМЕН ЕЛ.ВОД ОД МХЕЦ БОШАВИЦА ДО ТС Д.КАПИЈА, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 57+937.38 до км 57+939.68 навлегува во опфатот на планска документација **ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЛИНИЈСКИ ВОДОВОДЕН ВОД Ф63ММ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА „ДЕТОИЛ" КО ПРЖДЕВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА.**

Дел од планскиот опфат на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција** од стационжа км 65+253,37 до км 65+993.7 навлегува во опфатот на планска документација **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК и на КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО ОПШТИНА НЕГОТИНО.**

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Делницата на интерконективниот гасовод претставува дел од Националниот гасификационен систем во Република Северна Македонија. На подготовката на овој Национален гасификационен систем му претходеше изработка на физибилити студија за гасификациониот систем со идеен проект.

Со оваа делница се обезбедува спој на постојната магистрална мрежа во РСМ со гасоводната мрежа во Грција.

Овој проект е поддржан од Европската Инвестициона Банка (EIB), а ќе се реализира и оперира респективно, (секој во својот дел, во Северна Македонија и во Грција) од операторите Национални Енергетски Ресурси (НЕР – поранешен МЕР) во нашата држава и DESFA S.A. – системскиот оператор за трансмисија на гас во Грција.

На 10 јули 2015 во Дубровник, во рамките на Регионалната Централна и Југоисточна Европска Гас Конективност (CESEC) иницијатива, беше потпишан Меморандумот за Разбирање помеѓу МЕР и DESFA S.A. (системскиот оператор за трансмисија на гас во Грција). Со тоа почна соработка за реализација на проектот за изградба на гас интерконективен цевковод помеѓу двете земји

Во 2015 година, МЕР со поддршка на DESFA поднесе апликација во врска со гас интерконекцијата помеѓу Северна Македонија и Грција до изборниот процес на Проектите од Интерес на Енергетската Заедница (PECI) и Проектите од Заеднички Интерес (PMI) организирани од Секретаријатот на Енергетската Заедница. Проектот беше идентификуван како Проект од Заеднички Интерес од страна на Енергетската Заедница со код GAS-04B и е на листата на Десет-Годишниот Мрежен Развоен План (TYNDP) во рамките на ENTSO-g со код TRA-N-980.

Во 2017 повторно беше поднесена апликација до изборниот процес на Проектите од Интерес на Енергетската Заедница (PECI) и Проектите од Заеднички Интерес (PMI) организиран од Секретаријатот на Енергетската Заедница. Овој пат апликацијата беше поднесена како заеднички процес на МЕР и DESFA. По проценката на проектите од Енергетската Заедница, проектот Интерконектор Северна Македонија-Грција беше прелиминарно избран како Проект од заеднички интерес (PMI) на Енергетската Заедница.

Проектот Интерконектор Северна Македонија-Грција претставува стратегиска делница која ќе обезбеди алтернатива во снабдувањето на Република Северна Македонија со Гас преку оваа нова делница во должина од 55км на територија во Грција и 66,6 км на територија во Северна Македонија од каде преку постојната мрежа и нова планирана мрежа кон Косово и Србија ќе се обезбеди сигурно снабдување со гас и во регионот (Косово; јужен дел од Србија).

Во април 2018 подготвени се прелиминарен Извештај за Рута и Извештај за Проценка на Трошоци на Интерконекторот Грција-Северна Македонија.

Физибилити Студијата е подготвена заеднички од Македонски Енергетски Ресурси и DESFA. МЕР поднесе нацрт верзија на Физибилити Студијата („ФС“) до релевантните засегнати страни за преглед (Обновување на Статусот).

На 12.11.2018 и по барањето од МЕР и Владата на РС Македонија, Европската Инвестициона Банка (EIB) го потврди нејзиниот интерес за Проектот, како дел од

поширока инвестициона програма за национална гасна транспортна инфраструктура која што EIB би ја финансирал, под нејзините вообичаени услови.

Со цел за реализација на Проектот, МЕР поднесе Барање за Техничка Помош до CONNECTA (Техничка Помош за Конективност во Западниот Балкан). Техничката Помош се состои од комплетна Оцена на Влијанието врз Животната Средина и Социјалните Аспекти, Анализа за Трошоци и Придобивки (Кост-Бенефит Анализа) и Основен проект.

Во јануари/ февруари 2019, МЕР и DESFA комплетираа Физибилити Студија за гасоводниот интерконектор.
Појдовна точка на трасата во Северна Македониа е границата со Грција во близина на селото Идомени и градот Гевгелија каде завршува грчкиот дел од гасоводот.
Завршна точка е веќе изградената блок станица (блок станица БС 7) на новиот гасовод Штип - Неготино, во близина на градот Неготино.

Како генерален концепт, идејата за трасирање на гасоводот е права линија што ги поврзува почетната и крајната точка, со што се минимизира и должината на трасата. Оваа траса има насока југо-исток кон северо-запад.

Теренската морфологија на регионот ги ограничува изводливите алтернативи бидејќи од двете страни на коридорот постојат природни пречки:

- на север од предложената траса е реката / кањонот Вардар со стрмни ридови, планини и тесни корита на реките.
- на нејзината јужна страна е планинска линија со височини до околу 1.300м.

Треба да се напомене дека истата генерална насока е избрана и за изградба на нафтоводот што го поврзува пристаништето во Солун со рафинеријата ОКТА во Скопје.

Должината на трасата на гасоводот согласно Физибилити студијата е приближно 55 км во Грција и 66,6 км во Северна Македонија.

Со Физибилити студијата дефинирани се следните предности од реализација на проектот:

- ја поддржува гасификацијата на земјата со обезбедување на интерконекциска точка што може да снабдува големи количини на гас за да се задоволи очекуваниот раст на побарувачката,

- обезбедат сигурност во снабдувањето со нудење диверзификација на извори на снабдување,

- се обезбедува интеграција на пазарот со цел да им се овозможи на потрошувачите во Северна Македонија да имаат цени на гасот слични на оние на соседните земји,

- нуди одржлив извор на енергија за земјата која има слаб индекс на интензитет на емисија.

Секој дел од интерконекторот (во Грција и во Северна Македонија) ќе биде изграден и опериран од респективниот спонзор како самостоен проект поддржан со Интердржавен Договор.

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

Во јануари/ февруари 2019, Македонски Енергетски Ресурси и DESFA имаат комплетирано Физибилити Студија за гасоводниот интерконектор кој е предмет на оваа пласнка документација.
За просторниот опфат на планот од страна на ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје е изработена и СТУДИЈА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ПРОЕКТОТ ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА (јуни 2020). Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е Надлежен орган за спроведување на постапката за ОВЖС и согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) изготви Решение за согласност бр. УП1-11/4 875/2020 од 26.01.2021.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и други карактеристики.

5.1. Географски карактеристики

Трасата на гасоводот е лоцирана во југоисточниот дел на Република Северна Македонија. Делницата за интерконекција меѓу Северна Македонија и Грција е со должина од 66+518.68km и со пречник Ф700. Делницата почнува од границата со Грција во близина на селото Идомени и градот Гевгелија, каде што е предвидено да заврши грчкиот дел од гасоводот. Крајна точка на интерконективниот гасовод ќе биде веќе изградената вентил станица (блок станица БС 08), во близина на градот Неготино која треба да биде спојна точка со постојната магистрална гасоводна мрежа во РС Македонија. Трасата од југ кон север поминува низ општините: Гевгелија, Богданци, Демир Капија, Неготино.

Општина Гевгелија

Општина Гевгелија, заедно со општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица го сочинуваат Југоисточниот плански регион, на самата граница со Република Грција. Површината на оваа општина изнесува 485 km^2. Гевгелија се наоѓа на надморска височина од 64m и е една од најниските општини во државата.

Општината Гевгелија се наоѓа во јужниот дел на државата на 41° северна географска ширина и 22° источна географска должина, покрај долината на реката Вардар и автопатот Е75.
Поволната локација довела до развивање на стопанските капацитети, кои бараат голем транспорт на суровини и готови производи со јужниот сосед - Република Грција, при што близината на Солунското пристаниште претставува значајна компаративна предност.

На север и на исток таа се граничи со општините Валандово и Богданци, на запад со општините Демир Капија и Кавадраци, а на југ со Мачуково (Евзони) во соседна Грција.

Во состав на општина Гевгелија се населени 17 места: Гевгелија, Богородица, Габрово, Давидово, Кованец, Конско, Милетково, Миравци, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Смоквица, Серменин и Хума. Градот Гевгелија се наоѓа на само 3 km од граничниот премин Богородица, на македонско - грчката граница. Од главниот град на РС Македонија, Скопје, е оддалечен 158 km, а од Солун, најголемото пристаниште на Егејското Море, 70 km.
Низ терирорија на Општина Гевгелија трасата поминува од Км 0+000 до км 1+725, и понатаму од 8+700 до 39+575.
На територија на Општина Гевгелија трасата започнува во месноста Керамидарница (го тангира археолошкиот реон керамидарница) и преку месноста Гладно поле на

јужниот дел од с. Прдејци се разминува со навтоводот Солун-Скопје, железничката линија Солун-Скопје (Атина – Минхен) и новиот автопат „Пријателство" А1 Гевгелија-Скопје-Куманово. Во овој дел трасата поминува низ земјоделски површини со насади, без падини и на стандардно паралелно растојание поголемо од 50 метри од нафтоводот Солун - Скопје. По разминување со Автопатот А1 Гасоводот исто така се разминува и со Асфалтниот пат Прдејци –Негорци и продолжува кон север поминува под река Кованска и скренува северозападно тангирајќи го археолошката област Главица од нејзината јужна страна и на км 17+250 повторно се разминува со нафтоводот Солун-Скопје тангирајки ја археолошката област Коњари од нејзината источна страна.
Понатаму трасата продолжува низ планински дел заобиколувајќи ја концесијата за каменолом во месноста Лира и од км 19+000 поминувајки по сртовите Било , Голи рид, маслински рид , Врла Страна и Каменлив рид па низ висорамнинскиот дел од месностите Ширини, Гладно поле и Гојкова Чука тангирајки ја археолошката област Градиште и ридот Митивир од јужна страна, поминува под река Петрушка при што на км 28+700 се предвидува втората линиска Блок Станица. Веднаш по Блок Станицата на км 28+800 трасата поминува под локалниот асфалтен пат Миравци-Габрово-Петрово и се упатува преку месноста Градиште кон долината на Стара река каде се разминува со 400Кв далновод и следејки ја трасата од нафтоводот Солун-Скопје од неговата десна страна преку сртовите Прибилски рид , Чуката , Древенот и Гола Чука се упатува кон проектниот опфат од ветерниот парк на "Калтун Енерџи".

Општина Богданци

Општина Богданци се наоѓа во јужновардарскиот регион на РС Македонија. Зафаќа површина од 114,54 km^2. Општина Богданци на запад се граничи со Општина Гевгелија, на север со Општина Валандово, на исток со Општина Дојран, а на јужната страна границата на Општината се поклопува со државната граница со Р. Грција.
Во состав на општината има 4 населени места, од кои само градот Богданци е урбано, а Ѓавото, Селемли и Стојаково се рурални населени места.
Низ терирорија на Општина Богданци трасата поминува од км 1+725 до км 8+675.
Трасата на гасоводот на територија на Општина Богданци,започнува кај месноста Средно Било. Понатаму преку обработливо земјоделско земјиште низ месноста Малеолу се упатува кон ридско подрачје во месноста Голи рид од каде продолжува низ подрачјето на Стојаково поминувајки југозападно од населбата каде се пресекува со локалниот асфалтен пат Богородица-Стојаково тангирајќи го планскиот опфат на с.Стојаково и преку месноста Рудина (го тангира архелошкиот реон Рудина) се приближува кон трасата од нафтоводот Солун – Скопје.
На безбедна паралелна оддалеченост од нафтоводот (поголема од 50м), на км 6+185.00 се разминува со 400Кв далновод и на км 6+220 со далновод 110Кв од каде потоа се упатува кон регионалниот Асфалтен пат Гевгелија-Богданци. Пред разминувањето со Регионалниот пат Гевгелија-Богданци на км 6+500 во месноста Белик чаир се предвидува изградба на првата линиска Блок станица, Приемно-Појдовна чистачка станица како и делнична Блок станица (км 6+860) за идно поврзување на делницата за снабдување со гас на југоисточниот регион (Гевгелија, Богданци, Струмица).
Понатаму трасата на интерконективниот гасовод, повторно поминува низ територија на Општина Гевгелија.

Општина Демир Капија

Општина Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Македонија, односно југоисточниот дел на Тиквешката котлина. Општината лежи на координатите помеѓу 22°00" и 22°30" ширина и 41°15" и 41°30" должина, со просечна висина од 622 м.н.в. Тиквешката котлина главно го опфаќа просторот на средниот тек на реката Вардар и тоа од

неговиот истек од Клисурата Велешка на северозапад па се до Демиркаписката клисура на југо исток.
Под поимот Тиквешија се подразбираат рамничарските терени од двете страни на река Вардар, познати под името Повардарие, почнувајќи нешто северозападно од устието на Брегалница во Вардар па се до југоисток до устието на Бошавица, потоа долината на Црна Река од истекот и од Тиквешката клисура до вливањето и во реката Вардар, брановидните терени и речни долини што се наоѓаат помеѓу Црна и Бошавица, како и ниските падински делови на планините што ја оградуваат котлината од соседните области.

Општина Демир Капија се граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.
Низ терирорија на Општина Демир Капија трасата поминува од Км 39+575 до км 59+850.
Трасата на гасоводот поминува на територија на Општина Д.Капија низ нејзиниот централен дел, на почетокот разминувајќи се со проектната област на ветерниот парк "Калтун Енерџи", при што поради лошиот планински терен и барањата за соодветна оддалеченост од Ветерните турбини, гасоводната траса од км 35+000 до км 41+000 поминувајки низ месностите Андонов рид, Стефан , Журот и Бегови ниви на три места се пресекува со Нафтоводот Солун - Скопје и понатаму се упатува кон месноста Студена глава и сртовите Усов гров, Голем влас и Мал влас се спушта кон долината на Дренска река поминувајки под критото на Маминска река и коритото на Дренска река низводно од Акумулацијата на Дренска река се разминува со 400Кв далновод и заобиколувајки го селото Дрен од неговата источна страна, преку месноста Вчјак и археолошката област Оризарски гробишта се упатува источно од селото Чифлик при што на км 51+200 се предвидува третата линиска Блок Станица. Веднаш по Блок станицата трасата поминува под регионалната траса на асфалтниот пат Демир Капија – Дрен и на км 51+650 се пресекува со Нафтоводот Солун-Скопје и се упатува кон устието на реките Дошница и Бошава поминувајки непосредно пред нивниот спој и поминувајки во непосредна близина на локалниот рибник се упатува кон месноста Големо Брдо.

<u>Општина Неготино</u>
Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Северна Македонија, во областа на средното Повардарје. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарски регион, односно Тиквешкораечкиот микрорегион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со 6 општини и тоа: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 km2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба, од кои 4 се целосно раселени.

Низ терирорија на Општина Неготино трасата поминува од км 59+850 до крајната точка на интерконективниот гасовод на км 66+518.

Заобиколувајќи го с. Прждево од неговата источна страна трасата на гасоводот продолжува кон Неготино заобиколувајк го селото Тремник од неговата југозападна страна поминувајки преку висорамнинскиот предел Тиклик и месностите Атанасица, Аѓупка, Соколче и Пороите каде трасата се разминува со 400Кв далновод и се упатува кон новопроектираната редукциска Станица и постојната Блок станица бр.8 која треба да биде спојна точка со постојната магистрална гасоводна мрежа.

5.2. Релјефни карактеристики

Гасоводната делница започнува на граница со Грција во атарот на општина Гевгелија во висорамнински дел со надморска височина од околу 120мнв низ претежно земјоделско обработливо земјиште, понатаму трасата се искачува низ благо ритчест терен до кота од 135мнв па се спушта кон селото Стојаково во Општина Богданци и реката Вардар до надморска височина од околу 50мнв и продолжува низ атарот на Општина Гевгелија.

Трасата на Гасоводот поминува низ Гевгелиската котлина каде теренот е претежно рамнински со висинска разлика од 50мнв до 75мнв разминувајки се со Железничкиот и патниот коридор Скопје-Гевгелија и коритото на река Кованска од каде продолжува низ ридско-планински терен кон атарот на селата Петрово и Габрово на надморска висина до 270мнв разминувајки се со Петрушка и Стара река од каде се искачува по планински терен до кота 700мнв следејќи ја трасата на постојниот Нафтовод "Вардакс".

На територија на Општина Демир капија трасата на Гасоводот од областа Бегови ниви (Територија на идниот ветерен парк "Калтун енерџи" се упатува кон врвот Студена Глава на кота од 900мнв заобиколувајки го од неговата северозападна страна каде се спушта кон Демиркаписката котлина до кота од 120мнв од каде трасата се искачува кон месноста Големо брдо на околу 300мнв и продолжува кон селото Прждево на надморска висина од околу 270мнв.

Во атарот на општина Неготино трасата е во висорамнински предел со надморска височина од околу 220мнв, каде во месноста Грозд завршува со приклучок кон постојната гасоводна мрежа.

5.3. Сеизмички карактеристики

Сеизмичката динамика на овој епицентрален предел се базира на неговиот тектонски склоп. Во основни потези тој склоп е многу едноставен. Меѓу хорстовите од стари маси (кристалести шкрилци од I група) во облик на своевиден тектонски ров, стеснета е Вардарската зона. Главните нејзини хорстови, од исток се блоковите на Родопската маса, а од запад блоковите на Пелагониската маса. Всушност пред формирањето на Вардарската зона, двете маси представувале една целина - Родопски масив.

Со распаѓањето на овој масив, некои делови (блокови) помеѓу раседите се одвојувале, додека некои делови (блокови) помеѓу нив потонувале и биле засипувани со помлади творевини, создавајќи на тој начин тектонски депресии или ровови. Таков ров претставува и Вардарската зона. Рововите се подложни на разновидни притисоци и оттука на нив се применети разни движења кои повремено се манифестираат со сеизмички појави (земјотреси), од различен тип и интензитет.
Најсилните до сега забележани трусни катастрофи на ова подрачје настанале во 1931 година. По оваа трусна катастофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година, кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ = 5.6 по Рихтер, со епицентар 25 km јужно од Гевгелија.

Теренот на Гевгелиската општина му припаѓа на просторот на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност. На истото трусно подрачје припаѓа и Општина Богданци. Од геотектонска гледна точка, областа Демир Капија-Гевгелија припаѓа на нестабилната геотектонска единица во Република Северна Македонија позната како Вардарска зона на фолијација. Реката Вардар која минува низ оваа

геотектонска единица формира сложена долина т.е. истата тече низ многу рамнини и клисури.

Општина Демир Капија се наоѓа во зона во која има длабоки слоеви кои взаемно се разликуваат во генезата, староста, нивото на активност и изразување на релјефот со насока на геолошка формација СЗ-ЈИ. Долж целата должина, источно - северноисточниот граничен слој, од периодот на Неогенот, претставувал тектонски нестабилна зона долж која имало вулканска активност, додека во современи услови, активноста се манифестира преку многу пост - вулкански појави и термални извори. Западно - југозападниот слој се карактеризира со распукани серпентини, чии што контакти со соседните карпи се контрастно изразени, а голем број од нив се активни дури и денес.

Во врска со сеизмиката, регионот низ кој се предвидува да минува гасоводот како дел од Вардарската зона, претставува област со висок сеизмичен ризик, со појава на земјотреси од максимален интензитет од 10 степени и 7 Рихтерови степени. Најголемиот дел од регистрираните земјотреси е поврзан во Валандовскиот сеизмоген фокус, кој е еден од најактивните сеизмогени извори во Република Северна Македонија. Високата сеизмичка активност на оваа област е резултат од тектонските движења каде радијалните движења поврзани со длабоките слоеви имаат доминантна улога. Сеизмичката активност на Валандовската долина е поврзана со длабоките слоеви со насока СЗ-ЈИ и слојот Милетково - Валандово со меридијална насока.

Активитетот на горе - наведените слоеви настанува поради притисокот од јужниот дел на Српско - Македонската маса кон габро - дијабазниот масив, активност која трае со променлив интензитет од периодот на Јура до денес. Високиот степен на тектонско раздробување на основните карпи во тој дел од Вардарската зона е поврзан со претходното. Највисоките вредности на очекуваните земјотреси за Валандовската долина во иднина се 6.5 - 7 додека за Гевгелиската област истите изнесуваат до маскимум од 6 степени по Рихтеровата скала.

Подрачјето на општина Неготино, според сознанијата и резултатите од истражувањата се наоѓа под влијание на надворешни епицентрални жаришта оддалечени околу 100 km.

Во рамки на макро - сеизмичката реонизација на територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на истражувањата на локалните и влијанието на оддалечените потреси и релативните параметри дефинирана е горната граница на магнитудата на очекуваните земјотреси како збирен долгорочен максимален интензитет кој во Градот би изнесувал VIII° по МКС.

Поради непостоењето на микро - сеизмичка реонизација, како меродавни можности може да се употребат индикаторите за макро - сеизмичката реонизација како неопходни параметри со кои се идентификуваат простори непогодни за градба.

Теренот според инженерско - геолошките карактеристики е претежно стабилен со постојани физичко - механички својства кои не подлежат на битни измени под влијание на надворешните фактори ниту при делување на човекот.
Планскиот опфат се наоѓа во зона на VIII° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, поради што се сугерира задоволување на условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

5.4. Климатски карактеристики

Пределот на Општините Богданци, Гевгелија, Демир Капија и Неготино каде што поминува гасоводот е под влијание на медитеранска и континентална клима. Овде е изразена посебна локална клима со изменети медитерански и ублажени умерено континентални обележја, што се манифестира со топли лета и релативно студени зими.

Ова подрачје е со просечна годишна температура од 14,2 ^{0}C и спаѓа меѓу најтоплите во Р. С. Македонија. Летата се карактеризираат со високи максимални температури. Вкупен број на сончеви часови во годината изнесува 2.392 часа, што може да се спореди со неколку места крај Јадранското море и во Медитеранот воопшто.
Најтопол месец е јули со просечна месечна температура од 25 ^{0}C. Зимите не се многу студени и не траат долго. Средната вредност на температурата во трите зимски месеци е 4,7 ^{0}C.

Средната годишна сума на врнежи е од 660 до 745,2 mm^3. Врнежите се најчести во есен, додека во текот на летото нивото на врнежи е најниско. Просечниот број на денови со врнежи е 8,3. Просечната влажност на воздухот изнесува 71-72 %, во зима 81-82 %, а во лето се спушта до 56 %. Во оваа општина маглите се ретка појава. Просечниот број на денови со магла изнесува 16,4. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во декември (3,3 дена во просек).
Ветровите се важен климатски фактор. Тие ги претставуваат најкарактеристичните одбележја на областа помеѓу Демир Капија и Гевгелија. Нивната насока на движење е утврдена од морфопластиката на регионот. Најчести се јужните и северните ветрови. Јужните ветрови носат топлина во зимскиот период бидејќи носат топла морска воздушна маса. Северните ветрови се ладни и носат ладен континентален воздух. Ветровите од север - запад (Вардарец) и од југоисток (Југ) доминираат во Демиркапискиот регион. Вардарец е најчест во лето (јули, 237 ‰) иако истиот е присутен во текот на целата година со висока фреквентност. Брзината на струење на Вардарец е многу пониска во Демиркапискиот регион. Неговата просечна месечна брзина е 1,9 m/s во октомври до 2,8 m/s во февруари и март, додека неговата максимална брзина е 15,.5 m/s. Југ е втор по фреквентност во Демиркапискиот регион после Вардарец. Истиот дува долж реката Вардар и се карактеризира како топол ветер. Овој ветер е присутен во текот на целата година, а особено во април, март, и ноември. Просечната брзина во септември на Југ е константна и варира од 4,5 m/s до 7,1 m/s во декември. Ветровите со различни насоки во Демиркапискиот регион не се толку изразени со исклучок на источниот ветер (тој е на трето место според фреквентноста). Неговата просечна месечна брзина варира од 4,5 m/s во јули до 7,0 m/s во јануари.

Покрај овие локални постојани ветрови, постојат и локални ротациони ветрови кои настануваат како резултат на нестабилноста на воздушната маса со облаци кои предизвикуваат бура. Овие ветрови се најчести во пролетниот и летниот период. Понекогаш се со висок интензитет и може да нанесат штети на вегетацијата и посевите.

5.5. Хидрографија

Согласно известувањето на Министерството за животна средина и просторно планирање Арх.бр. 11-3887/6 од 31.12.2019 год. Предметниот плански опфат преминува преку повеќе постојани и повремени површински водотеци и преку предвидената акумулација "Гевгелија".

км 8+453.88 Река Вардар
км 8+560.76 Река Вардар
км 9+091.85 Серменинска река

км 9+281.15 Серменинска река
км 14+617.26 Река Кованска
км 14+631.22 Река Кованска
км 16+005.44 Река Мурлат
км 18+479.61 Река Зуица
км 28+611.92 Петрушка река
км 29+908.94 Стара река
км 46+751.83 Река Маминска
км 47+365.95 Река Дренска
км 52+184.59 Река Дошница
км 52+218.13 Река Бошава
км 58+582.60 Прждевска река
км 60+197.24 Река Село
км 63+610.61 Река Дисанска

Општина Гевгелија

Дел од планскиот опфат припаѓа на долното сливно подрачје на реката Вардар. На делницата од Удово до Гевгелија реката Вардар ги има сите карактеристики на типична рамничарска река. Просечната инклинација во Гевгелиската долина изнесува 0,72 ‰. Речните брзаци ги има само на места каде реката е под влијание на поплавување со кое се депонирало големо количество на крупен материјал.
Делницата на Вардар низ Валандовско - Гевгелиската Котлина, од Удово па се до Гевгелија е подложна како на урнување и бочно поместување на бреговите, така и со акумулација на наносниот материјал посебно во гевгелиското подрачје. Поради ова во Гевгелиско Поле текот на Вардар е разбиен на повеќе ракави, во кои летно време, поради нискиот водостој се забележуваат само забарени места. На оваа делница Вардар прима 6 притоки и тоа четири од десната страна: Стара Река (25,0 km), Кованска Река (24,0 km), Серменинска Река (24,0 km) и Конска Река (30,0 km) и две од левата страна: Анска Река (22,0 km) и Луда Мара (19,5 km), кои го чинат локалниот слив.
Конска Река е последна поголема притока на Вардар во Република Македонија. Извира од Кичи Кај на Кожуф на надморска височина од 1.520 m, тече кон исток - југоисток и кај Гевгелија се влива во Вардар како негова десна притока на надморска височина од 44 m. Долга е 30 km, зафаќа сливна површина од 180 km^2 и има релативен пад од 49 ‰.
Во хидрографската структура влегуваат и акумулациите во Богородица, Топлец, Дос, Калица и други. Општината располага со богати извори на минерална и термоминерална вода. Еден од најпознатите извори на минерална вода се наоѓа на туристичкиот локалитет Смрдлива вода. Додека кај Негорските бањи и во близината на селото Смоквица се наоѓаат богати извори на термоминерална вода.

Општина Богданци
Општина Богданци припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) „Долен Вардар", кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил „Демир Капија" до границата со Р. Грција.
Во локалниот слив позначајни притоки на р. Вардар од десна страна се реките: Кованска, Серменинска и Конска, а од лева страна: Анска Река и Луда Мара.
Расположивите водни количини изразени преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување l/s/km^2, укажува на тоа дека ова водостопанско подрачје е сиромашно со вода. Специфичното истекување изнесува од 6,3 l/s/km^2 кај водомерниот профил Д. Капија, до 6,5 l/s/km^2 кај водомерниот профил Гевгелија.

Во водостопанското подрачје „Долен Вардар" регистрирани се 227 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Подземните води формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица - Негорци - Гевгелија.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план вон населено место за

индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија. Предметната локација е со површина од 82,757 ha, и се наоѓа на продуктивно земјиште (ниви, лозја, шуми и пасишта) I-VI класа.

Низ планскиот опфатот поминува траса на оптички кабел со 12 вентилски станици, за кои се издадени Услови за планирање на просторот со технички број Y07609. Исто така низ опфатот поминува и нафтоводот Солун-Скопје.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени **во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата без учество и влијание на човекот. Во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина). Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500m.

Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.

Метеоролошката станица Гевгелија е лоцирана на:

Гевгелија X_c = 59m X = 41^0 09' Y = 22^0 30'

Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0^0C - 14.5^0C. Најтопол месец е јули со средна температура на воздухот од 24.6^0C до 25.3^0C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3^0C и 3.5^0C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2^0C и 21.8^0C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија.

Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3^0C (на 6. VII.1988 год.).

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -19.5^0C во Гевгелија. Највисоко достигната апсолутна годишна амплитуда на воздухот изнесува 63.8^0C. Таа е значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средна месечна максимална температура на воздухот е 7.8^0C во Гевгелија во месец јануари, до 32.0^0C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 0.7^0C, додека средната јулска минимална температура на воздухот е 17.3^0C.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Гевгелија изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена.

Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови годишно 49 во Гевгелија. Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6mm и 682.4mm.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5mm и 93.1mm, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8mm. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско-Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650mm годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800mm (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500m.

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритимен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите од измерените дневни суми на врнежи најголема количина на врнежи изнесува 129.7mm. (на 2.II.1986 год.) во Гевгелија.

Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша.

Средната годишна релативна влажност на воздухот е 71% во Гевгелија. Со значително ниски вредности на релативната влажност на воздухот се месеците јули и август кога просечната влажност на воздухот изнесува помеѓу 57% и 59%. Во зимските месеци таа изнесува од 75% до 81%.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеоролошката станица Гевгелија изнесува 2371.0 часа со максимум во месец јули (326.0 часа) додека најмал број на сончеви часови има во месец декември (104.4 часа).

Просечната годишна облачност во ова подрачје се движи во границите помеѓу 4.4 и 4.6 десетини. Најголема облачност се јавува во зимскиот дел од годината (во ноември, декември, јануари, февруари и март) со просечна облачност над 5.0 десетини, со максимум во ноември (од 5.2 до 5.6 десетини), како и во месец јануари (исто така од 5.4 до 5.8 десетини).

Просечниот годишен број на тмурни денови (денови со облачност поголема од 8 десетини) изнесува од 76.0 до 94.0 дена. Просечно најголем број на тмурни денови се јавува во месец ноември (9 до 12) додека најмал број на тмурни денови се јавуваат во месеците јули и август од 2 до 3 дена.

На територијата на ова подрачје просечниот број на ведри денови (денови со облачност поголема од 2 десетини) се движи помеѓу 108 до 130 дена. Во текот на годината, најмал број на ведри денови се јавуваат во месец август од 16 до 17 дена.

Најзачестени ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна насока со 205‰ и просечната брзина на ветерот изнесува 3.4m/s.

Најголеми силини на ветровите од по 10 Бофори се забележани од најфрекфентните насоки од СЗ и од С.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Гевгелија со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои се условени од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, од изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети, а во денешно време позначајно е влијанието на деловните односи и меѓучовечките комуникации.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општината Гевгелија каде што се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е развојната оска"Север-југ".

Развојната оска "Север-Југ" минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

Значаен импулс во развојот и напредокот на националната економија обезбедуваат можните форми на специфичните стопански просторни иновации

базирани врз стратешките цели коишто треба да се постигнат со нивната промоција.

Основните цели за формирање на специфични стопански целини-технолошко индустриски развојни зони (слободни економски зони) се: барањето на нови институционални, развојни форми коишто ќе бидат во функција на заживувањето на економскиот циклус; создавање на претпоставки за подобрување на просторната рамнотежа во развојот; стимулирање на директните инвестиции од странство; зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија; запазување на дефинираните еколошки стандарди и др.

За формирање на слободните економски зони со Просторниот план на Република Македонија предвидени се локации во скопскиот, пелагонискиот, **гевгелискиот**, штипскиот и струмичкиот регион.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на УПВНМ за изградба на индустриска зона "Билото", КО Прдејци во општина Гевгелија на површина од 82,752 ha, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;

- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на теренитe каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште: ниви, лозја и пасишта од I-VI класа.**

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Р. Македонија е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Пошумување на теренитe каде е извршено разграничување на земјиштето - бонитирање, на теренитe каде се добиваат најголеми ефекти (зголемен прираст, подобрување на животната средина, туристичко-рекреативни цели и др.) и на теренитe каде постои и друга економска оправданост и итност (регулирање на водниот режим, ерозивни подрачја, заштита на населби, патишта, војни, комунални и други објекти, хигиенски и санитарни функции и сл.);

- За трајно сочувување и унапредување на површините под шума како и зголемување на квалитетот на шумите, преведување на нискостеблените во високостеблени, реконструкција на деградираните шуми со што ќе се обезбеди зголемен прираст, подобрување на животната средина, за туристичко-рекреативни цели и др;
- Почитување на правната регулатива и нејзиното доследно спроведување за да се спречат бесправните сечи и други штетни активности во шумарството.

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Р. Македонија за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р. Македонија**, во Регионот на **Гевгелија** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **2.700** ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Гевгелискиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **48.900** ha, дрвната маса се проценува на износ од околу **6.400.000** m^3 и вкупен годишен прираст од **160.000** m^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р. Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за

реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните" води.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебарско". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на индустриска зона на м.в. Билото, КО Прдејци, општина Гевгелија припаѓа на **водостопанското подрачје (ВП) "Долен Вардар",** кое го опфаќа сливот на реката Вардар од водомерниот профил "Демир Капија" до границата со Р. Грција. Во локалниот слив позначајни притоки на р. Вардар од десна страна се реките: Кованска, Серменинска и Конска, а од лева страна: Анска Река и Луда Мара.

Специфичното истекување l/sek/km^2 кај водомерниот профил "Гевгелија" изнесува 6,5. l/sek/km^2 Ова покажува дека ова ВП не е богато со вода и спаѓа во подрачје со помали специфични истекувања во Р. Македонија (За споредба - во сливот на река Радика Q= 26,2 l/sek/km^2, или за река Треска Q= 12,9 l/sek/km^2).

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП "Долен Вардар" регистрирани се 227 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Подземните води формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода, но во Републиката тие се недоволно проучени, потребни се дополнителни истражувања за нивниот капацитет и квалитет.

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на В.П "Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица - Негорци - Гевгелија. Геотермалните води традиционално се користат за банско лекување, но во Гевгелискиот регион се користат и за топлинска енергија.

За подобрување на режимот на водотеците, односно за целосно искористување на нивниот хидролошки потенцијал, а**кумулациите** се важни водостопански објекти. Во ВП "Долен Вардар" изградена е акумулацијата Паљурци на река Луда Мара со корисен волумен од 2,8x10^{6}m^3. Основна намена на водите од акумулацијата е наводнување на обработливите површини во Богданечко Поле.

Во идниот период се предвидува изградба на акумулациите Конско на Конска Река, акумулациите Градец, Милетково, Ѓавато и Гевгелија на реката Вардар. Основна намена на акумулациите е обезбедување на вода за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија и подобрување на режимот на водотеците во периоди на малуводие. Индустриската зона се наоѓа во сливот на акумулацијата Ѓавато. Нивото на водата се предвидува на 62,5 m.

Бидејки просторите погодни за изградба на акумулации се ограничени, стратешка определба е максимална заштита на тие простори преку забрана на изградба на објекти под котата на предвиденото ниво на вода.

Во идниот развој на просторот заради заштита на сливот на акумулацијата од лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои не се дозволува изведба на работи кои би можеле да ги сменат природните услови во околината на акумулацијата (сечење на дрва и уништување на вегетацијата на бреговите и сл.).

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е **обезбедување на квалитетна вода**, првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија, а потоа за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на просторот.

Бидејки изворниците на вода и водостопанските системи во однос на другите системи имаат построги барања во поглед на развојот и заштитата, а со цел да се заштити и задржи квалитетот на водите треба да се запазат основните принципи за користење на водите и нивна заштита:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворниците кои ќе се користат за водоснабдување;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои се овозможува повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Спречување на одделни парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат идниот развој на комплексни позитивни водостопански решенија.

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода треба да се одвива во насока на:

- Рационално користење на водата, ревитализација и модернизација на системите за водоснабдување и примена на современа технологија во производниот процес;
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштитата на квалитетот на површинските и подземните води. За тоа е потребно изградба **на канализациони системи** за прифаќање и третман на отпадните води. За да се заштитат подземните води и водите на природните водотеци од загадување со отпадни води потребно е:

- Изградба на сепарационен канализационен систем;
- Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води";
- За да се спречи во површинските и подземните води да се внесат материи што можат да предизвикаат промени на хемискиот, физичкиот, биолошкиот и бактериолошкиот состав на водата потребно е пред депонирањето на отпадот од индустриската зона да се изврши испитување на хидрогеолошките услови на соодветниот простор.

За **наводнување** на обработливите површини во ВП "Долен Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 6.858 ha. во Гевгелиско, Богданечко и Валандовско Поле, а за планскиот период до 2020 год, се предвидува проширување за нови 8.475 ha. Во Валандовско Поле се наводнуваат 3.878 ha, а се планира проширување на обработливите површини на уште 494 ha.

Во областа на наводнувањето на обработливите површини, во 2006 год. започната е изградба на системи за наводнување во Јужниот регион на реката Вардар, како дел од проектот "Јужна Вардарска Долина". Во 2007 год. завршена е првата фаза од изградбата на системите за наводнување која опфаќа вкупна површина од 2.628 ha и реконструкција на површина од 1.050 ha:

Во втора фаза се предвидува изградба на системи за наводнување на површина од 3.904 ha на системите Миравци, Удово, Валандово, Грчиште, Кованци, Негорци/Прдејци, Паљурци и Гевгелија. При изработката на планската документација за индустриската зона да се утврди местоположбата на изградените и планираните објекти од системот за наводнување за да не дојде до конфликт во понатамошното функционирање на системот и новопредвидените објекти.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р. Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р.Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје 5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Постојните и планирани 110kV преносни водови, опфатени со Просторниот план на Р.Македонија не се во конфликт со локацијата за изградба на индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија. Така 110kV вод Валандово-Гевгелија минува на 0,5km источно од оваа локација.

Гасовод **- Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р.Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во

снабдувањето на сите региони во Р.Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-4 Хамзали-Богданци-Грција со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Траса на овој магистрален гасовод ќе минува далеку на исток од ова локација.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Р.Македонија изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. **Нафтовод Скопје-Солун** минува низ средишниот дел од индустриската зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општина Гевгелија на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 22.988 жители, од кои 48,8% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и систем на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот

просторен развој на Република Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалаување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на **стопанството** и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Изградбата на индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд и населби, туристички комплекси, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

Домување

Од неколкуте основни функции во населбите, **домувањето** е најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во просторно планските документи домувањето често се набљудува како последица на промените во другите развојни сфери. Примената на концепцијата на полицентричен развој го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развој.

Бидејќи вложувањето во станбената изградба чини голем дел од приходот на секое домаќинство без стан, очигледно дека во услови на рационално работење и се поостра економска конкуренција, станбеното прашање на работниците, како и оние кои бараат вработување станува се поважна развојна околност. Порастот на цената на станбената изградба и одржување ќе влијае на промена на просторната стратегија на развој на голем број претпријатија кои ќе бидат принудени да ги лоцираат своите погони таму каде веќе постојат работници со решено станбено прашање.

Просторното разместување на новите стопански претпријатија треба да се базира на постоечкиот станбен фонд во помалите населби и нивните технологии во склад со квалификационата структура на населението на таквите подрачја. На тој начин, постоечкиот станбен фонд, како една од почетните развојни ресурси на овие населби станува поттик за јакнење на постоечките и создавање на нови центри, на развој во функција на полицентричен развој.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на **Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија,** го поддржува концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот и индустрискиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Развојот на стопанството и системот на населби, економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите, интересите и

инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации и други непрофитни асоцијации се исто така значајни за организирање на јавните функции.

Предложената локација изработка на **Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија**, поттикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на стопанството и **индустријата**. Локацијата е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на "Националната стратегија за економски развој на Република Македонија" (МАНУ, 1997 г.), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Во тој контекст, **реализацијата на УПВНМ за изградба на индустриска зона "Билото", КО Прдејци во општина Гевгелија на површина од 82,757 ha, ќе биде во функција на развој на индустрискиот сектор, но под услов почитување и примена на стандардите за заштита на животната средина.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ;
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија", број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија);
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-103** - (Скопје-врска со Р-101,М-3 И М-4-кл.Ченто-Катлановo-Велес-Неготино-Гевгелија-врска со М-1 и Р-111).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија", број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој регионален патен правец велгува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1102** - (Скопје-врска со А2-обиколница Скопје-Катлановo-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km

- СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
- ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај:Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Телефонска мрежа - Стратешка ориентација на Р.Македонија е развој на транспортен сектор кој ќе биде одржлив, интегриран во европските системи и кој ќе го подржува и поттикнува нејзиниот економски и просторен развој. Со развој на разните видови на комуникациска инфраструктура се постигнува поголема интеграција на Македонија, стопански и културен развој и поврзаност со соседните држави.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Телекомуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Гевгелија.

На западната граница од индустриската зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија минува оптичкиот телефонски вод на делницата Неготино-Гевгелија заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Р.Македонија се М-Телеком и ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура,
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот,
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на мобилна телефонија на двата оператори.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидената за изградба индустриска зона "Билото", се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации, несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;

- На исток од предметната локација се наоѓа реката Вардар, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот план вон населено место треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;

- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат**

за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита на културното наследство, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни пределi.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето на катастарската општина кое е предмет на анализа **има** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

- *Археолошки локалитет "Бистерна", Прдејци, праисторија до среден век;*
- *Археолошки локалитет "Ветка Црква", Прдејци, антички период;*
- *Археолошки локалитет "Колник", Прдејци, доцноантички период;*
- *Црква Св.Петка, Прдејци, 1861 год.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:

- **КО Прдејци-** *Бистерна,* населба од енеолитското и римското време и средновековна црква со некропола која се наоѓа на 500м северозападно од селото. *Ветка Црква,* сакрален објект од римското време на североисточната периферија од селото во непосредна близина на пругата Скопје-Гевгелија. *Колник,* старохристијанска базилика на 1км западно од селото во непосредна близина на управната зграда и магацинскиот простор на плантажите на "Винојуг".

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;

- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот спомеличен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и припаѓа на туристичките простори со национално значење. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.**

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските

насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско-планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **IX степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Гевгелија.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија. Предметната локација е со површина од 82,757 ha и се наоѓа на продуктивно земјиште (ниви, лозја, шуми и пасишта) I-VI класа.

Низ планскиот опфатот поминува траса на оптички кабел и 12 вентилски станици за кој се издадени услови за планирање на просторот со техн. бр. Y07609 исто така низ опфатот поминува и нафтоводот Солун-Скопје.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени **во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.**

При изработка на Урбанистичкиот план вон населено место, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- Реализацијата на УПВНМ за изградба на индустриска зона "Билото", КО Прдејци во општина Гевгелија на површина од 82,757 ha, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.
- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.
- Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за урбанизирање на предложената површина.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски**

земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште: ниви, лозја и пасишта од I-VI класа.**

Шуми и шумско земјиште

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водни ресурси и водостопанска инфраструктура

- Обезбедувањето со вода на индустриската зона да се одвива во насока на: синхронизирана изграба на водостопански објекти со кои се овозможува повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода; максимално рационализирање на потрошувачката; повеќекратно искористување на водата и осовремување на технолошкиот процес.
- Доколку при обезбедувањето на потребните количини на вода се користат подземни води експлоатацијата да се врши врз основа на хидрогеолошки истражувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Нафтовод Скопје-Солун минува низ средишниот дел од индустриската зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.
- Локацијата за изградба индустриската зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.

Урбанизација и систем на населби

- **Изградбата на индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија**, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Иницијатива за изработка на **Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија,** го поддржува концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот и индустрискиот развој, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

- Предложената локација изработка на **Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија**, поттикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на стопанството и **индустријата**. Локацијата е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.
- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.**
- **Една од основните цели на концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е примена на стратегијата на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока**

информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.

- **Реализацијата на УПВНМ за изградба на индустриска зона "Билото", КО Прдејци во општина Гевгелија на површина од 82,757 ha, ќе биде во функција на развој на индустрискиот сектор, но под услов почитување и примена на стандардите за заштита на животната средина.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  Е-75 кој се поклопува со магистралниот пат М-1: (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ.

  М-1 - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

  А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Комуникациска мрежа

- На западната граница од индустриската зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија минува оптичкиот телефонски вод на делницата Неготино-Гевгелија заради што при изработката на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

- На исток од предметната локација се наоѓа реката Вардар, која согласно Просторниот план на Република Македонија е река со нарушен квалитет, поради што е потребно да се предвидат соодветни мерки за заштита;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

Развој за туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Средно-Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и припаѓа на туристичките простори со национално значење. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за индустриска зона "Билото", КО Прдејци, општина Гевгелија, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IX степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) - 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда - 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C (август) и апсолутна минимална температура -17,8°C (јануари).

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи - 437 мм, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2 мм - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5 мм - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум - 97 мм. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден во годината, просечно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93 см.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северо-запад.

Струењата од северна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 145‰, средна јачина 2 бофори, максимална јачина 10 бофори, просечна брзина 2,2 - 3,4 м/сек, максимална регистрирана јачина 27,5 м/сек.

Струењата од северо-запад имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 118‰, средна јачина 1,8 бофори, максимална регистрирана јачина 8 бофори, просечна брзина 2,6 м/сек.

2. Текстуални одредби од Изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на планскиот опфат и претставуваат услови за планирање

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина.

Во согласност со предходно наведеното е издадено **Решението за Услови за планирање на просторот** со бр.15-1505/2 од 14.02.2014год. од страна на Министерството за животна средина и просторното планирање, и истото е составен дел од Условите за планирање на просторот со тех.бр.00514 изработени од Агенцијата за просторно планирање на РМ, кои произлегуваат од Просторниот план на РМ. Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р. Македонија, а во согласност со истиот.

- **Текстуални одредби од Изводот од план - заклучни согледувања**

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија на КП: 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16, 79/18, на м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник и на КП: 278/3, 278/5 и 278/6, на м.в. Бунарјето, КО Дуброво на општина Неготино. Локацијата се наоѓа на продуктивно земјиште (нива) 5 и 6 класа.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Р.Македонија.**

При изработката на предвидениот Урбанистички план во населено место, покрај горенаведените забелешки, треба да се земат во предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

*Од аспект на **економски основи на просторниот развој** се препорачува:*

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита од природните и создадени ресурси и богатства,** сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија на КП: 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16, 79/18, на м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник и на КП: 278/3, 278/5 и 278/6, на м.в. Бунарјето, КО Дуброво на општина Неготино на површина од 91.23ха, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовни поставки за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството за земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на економските дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 91.23ха за стопанска намена.**

*Од аспект на **заштита на земјоделско земјиште** се препорачува:*

- За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага да се користи реонизацијата според која **Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони**. Предметната локација се наоѓа на продуктивно земјиште (нива) 5 и 6 класа и припаѓа на **Медитерански или Повардарски реон поделен на Јужно Медитерански со 2 микрореони и Централно Медитерански со 10 микрореони.**
- Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

*Од аспект на **водостопанство и водостопанска инфраструктура** се препорачува:*

- Обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс за лесна индустрија, треба да се одвива во насока на: синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода; максимално штедење на водата преку нејзино повеќекратно искористување и примена на современи технологии во производството кои бараат помали количини на вода;
- Доколку за водоснабдување на стопанскиот комплекс се користи независен изворник потребно е да се дефинираат заштитни зони околу изворникот и да се дефинира режимот на заштита.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман. Квалитетот на пречистените води пред да се испуштат во реципиентот да биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

*Од аспект на **енергетика и електроенергетска инфраструктура** се препорачува:*

- Постојните 400kV водови Дуброво-Скопје4 и Дуброво-Солун минуваат низ локацијата за стопански комплекс заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува „Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".
- Локацијата за стопански комплекс нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.

*Од аспект на **урбанизација** се препорачува:*

- Изградбата на комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативните и стандарди за заштита на животната средина.

*Од аспект на **домувањето** се препорачува:*

- Иницијативата за изработка на Урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино, е функција на концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на развој на стопанството и индустријата, а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**
- Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

*Од аспект на **јавните функции** се препорачува:*

- Предложената локација за изградба на комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино, е во функција на концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

*Од аспект на **сообрајќај** се препорачува:*

- **Наведените показатели ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и тековите во Р. Македонија.**
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр. 124/10, бр. 23/11, бр. 53/11, бр. 44/12 и бр. 168/12).**

*Од аспект на **комуникациската инфраструктура** се препорачува:*

- Локацијата за стопански комплекс нема конфликт со постојните и планирани комуникациски водови.

*Од аспект на **заштита на животната средина** се препорачува:*

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. ЦрвенБрег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните водиимплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано уптавување со отпаднот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

*Од аспект на **заштита на природното наследство** се препорачува:*

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл.в. на РМ, бр. 39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Урбанисички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Урбанистички план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

*Од аспект на **заштита на културно наследство** се препорачува:*

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 71/04, бр. 115/07, бр. 18/11, бр. 148/11, и бр. 23/13), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

*Од аспект на **развој на туризмот и организација на туристичките простори** се препорачува:*

- **Предметната локација припаѓа на Средно – Вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Според валоризацијата на туристичките простори планскиот опфат на локацијата се наоѓа во границите на Траназитниот туристички коридор.**
- За непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на производните и услужни дејности **да се почитува планската определба утврдена со Просторниот план на Република Македонија за заштита на животната средина и остварување на одржлив економски развој.**

*Од аспект на **заштита од воени разурнувања, природни и техничко – технолошки катастрофи** се препорачува:*

- Просторот за кој се наменети Условите за планирање за изработка на **Урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија, кај м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник, и кај м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино се наоѓа на простори со висок степен на загрозеност од**

воени дејства. Согласно со член 53 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ, бр.93/12 – пречистен текст) **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**

- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новиот објект.

3. Планска програма

Планската програма е дадена изворно, во целост, како прилог кон овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО и претставува негов составен дел.

4. Опис и образложение на планскиот концеп за просторниот развој во рамките на планскиот опфат

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.
Целиот плански опфат претставува еден блок.

Крајната цел на овој УПВНМ е да ги утврди параметрите кои се потребни за реализација на проектот за изградба на комплексот за лесна и незагадувачка индустрија, а воедно да ги даде и насоките за изработка на архитектонско-урбанистички проект за наменската употреба на земјиштето според градежната парцела со утврден простор ограничен со градежни линии, каде што градежната парцела ќе претставува една (1), дел од катастарска парцела или повеќе катастарски парцели. Исто така има цел да ги утврди и планските услови за изработка на Основните проекти за инфраструктурните водови.

5. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

Со овој УПВНМ се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето. Површините за градба не се цел на овој Урбанистички план. Тие ќе се утврдат со посебни Архитектонско - урбанистички проекти за секоја градежна парцела посебно, со посебни проектни програми. Сепак, планскиот концепт, со утврдените регулациски линии и градежни линии, овозможува уредување на просторот во квалитетна композиција.

Сообраќајниот концепт е основа за планскиот концепт. Програмските барања и постојната сообраќајна инфраструктура го услови планираното сообраќајно решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање на ваков простор. Оваа сообраќајна мрежа овозможува нормално одвивање на сообраќајот во планскиот опфат. Со тоа се создава концепција на реална урбанизација со можност за поедноставна реализација на планот, без нарушување на имотно-правните односи (освен за оформување на јавните сообраќајни површини), а при тоа целосно да се испочитува законската регулатива.

- Намена на земјиштето и градбите

Во овај плански опфат површината за градба има класа на намена:

Основна класа на намена

- **Г2 -** Лесна и незагадувачка индустрија - во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации и компатибилни класи на намена со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени од 49% во однос на основната класа на намена во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12 и бр.126/12).

Предвидениот утврден простор ограничен со градежни линии е предвиден за изградба на комплексот за лесна и незагадувачка индустрија со други пратечки содржини (деловни дејности-портирница, трафостаница, пречистителна станица, улици, заштитно зеленило). Намената на планираните површини во планот се распоредени како следи:

Површините наменети за сообраќај се прифатливо димензионирани и се во рамките на пропишаните нормативи. А што се однесува до предвидениот утврден простор ограничен со градежни линии, во кој површините за градба ќе ја добијат правата форма и волумен, со изработка на Архитектонско-урбанистички проект согласно на позитивната законска регулатива.

- Регулациони и градежни линии

Регулаторни линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежна парцела.

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата можи да се гради.

- Површини за градба и висински план

Површините за градба се дефинирани како утврден простор ограничен со градежни линии согласно на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање како и другите позитивни законски рамки. Истите се ограничени со градежни линии (предна, бочни, задна) и во планот се развиваат како самостојни.

Висинскиот план, кој е проектиран во комплексот оддава слика на релативно ниски градби, односно максималната висина на објектите од теренот - тротоарот до хоризонталниот венец ќе се утврди со Архитектонско Урбанистички проект во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена, а со спратност П+2. Истиот е компониран према постојниот терен и зацртаните силуети на важните сообраќајници, зацртувајќи рамномерно опаѓање или дигање на силуетата на објектите без поголеми доминанти на одредени објекти (види графички прилози и табела бр.2).

Што се однесува до котата на нултата плоча таа изнесува од 0.00-1.20м, мерено од котата на тротоарот на улицата.

- Процент на изграденост и Коефициент на искористеност

Предвидените максимални површини за градба на објекти (процент на изграденост) и нивниот проектиран волумен (коефициент на искористеност на земјиштето) се под пропишаните, односно во склоп на рамките на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12 и бр.126/12).

- Сообраќај и нивелациски план

Сообраќајната инфраструктура претставува заначаен фактор во еден планиран простор и е од витално значење за планскиот опфат. Најважна основа на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа да биди така поставена за да биди прегледна и јасна, да овозможи безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајните токови и да овозможи рамноправен третман на сите учесници во формирањето на сообраќајните токови.

За овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, автопатската, магистрална и регионална патна мрежа во Републиката, релевантна за предметниот простор е:

Релевантен регионален патен правец за предметната локација е:

Автопат (Магистралниот пат) - **А1 (**Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија); и

Регионалниот пат - **Р1102 -** Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - (врска со А1);

До планскиот опфат од овој УПВНМ се пристапува преку постојниот Пристапен пат со надвозник, кој на дел од трасата се поклопува со постојниот тампониран пат и истиот преку званична клучка се приклучува на Регионалниот пат - **Р1102 -** Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - (врска со А1) и на тој начин планскиот опфат е поврзан со останатата сообраќајна мрежа во РМ.

До Градежните парцели од овој плански опфат се пристапува преку Пристапен пат со сообрќаен профил од 7,0м и како дел од секундарната улична мрежа директно ја опслужува градежната парцела, како најмала планерска целина.

Паркирањето или гаражирањето е предвидено во склоп на градежната парцели, а минималниот број на паркинг места ќе се утврди со Архитектонско Урбанистички Проект во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена согласно на член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12 и бр.126/12).

Регулирањето на сообраќајот на крстосниците е со вертикална и хоризонтална сигнализација. Применетата вертикална сигнализација е составена од стандардни знаци. Стандардните сообраќајни знаци се изработуваат према детални цртежи од важечките стандарди, а према Правилникот за сообраќајни знаци (за изборот и распоредот на овие знаци да се усогласи со концептот на сообраќајно решение на поголем опфат, а искажано со посебни детални типски цртежи).

Хоризонталната сигнализација е составена од подолжни линии, средна линија, разделна линија, стоп линија, линија за водење, пешачки премини, стрелки за обележување на насоки за движење.

Изведувањето на хоризонталната ситуација да се врши према ситуациите од концептот на сообраќајно решение и треба да се даде решение во склоп на Основните Проекти за сообраќајниците.

За изработка на нивелациски план како прилог на сообраќајот, во основа е изработен и во него се внесени подолжните и попречните падови на сообраќајниците во графичките прилози. Што се однесува до изработката на решението, истото максимално се прилагодува на постојниот терен, а со цел да се добие нивелета со максимален пад согласно на член 72 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12 и бр.126/12). Предметната локација се наоѓа западно од Магистрален пат - **А1** (Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија) на место викано Црвен Брег и Бунарјето, на надморска височина од 190-172м. Просечниот пад на теренот во рамките на планскиот опфат изнесува кон север е 5%, кон југ е 13% и кон североисток е 9%. Треба да се напомни дека по должината на сообраќајниците ке се појават потпорни ѕидови заради совладување на висинската разлика, кои подетално ке се дефинираат при разработката на оваа ГП со Архитектонско-урбанистички проект и поделба на истата на помали ГП. Попречните падови на сообраќајниците и паркинг просторот ќе изнесуваат максимално од 0,5-1,0%. Сите други елементи на нивелманското решение ќе биде дадено со Основниот Проект за сообраќајот.

Во следната табела е прикажан билансот на површини на сообраќај во планскиот опфат:

Табела бр.1

ПРЕГЛЕД НА СООБРАЌАЈНИ и ЈАВНИ ПОВРШИНИ					
р.б	тип на улица	должина m^1	коловоз m^2	тротоар m^2	вкупно m^2
ПРИМАРНА МРЕЖА НА УЛИЦИ					
1	**А1** - АВТОПАТ	760,00	4.149,78	/	4.149,78
2	**Пп** - ПРИСТАПЕН ПАТ	127,00	1.207,00	/	1.207,00
3	**Д2** - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО				**11.446,30**
				СЕ ВКУПНО јавна површина m^2:	**16.803,08**

Радиусите на хоризонталните кривини и раскрсниците се со Р=14м.

- Водовод и Канализација

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО опфаќа површина од 91.23ха и е предмет на изготвување на проект за водовод и канализација.

- Водоснабдување

Планскиот опфат што се обработува со овој Урбанистички план, се наоѓа југоисточно од градот Неготино, на оддалечност од околу 3 км по магистралниот пат или 2 км од станбените куќи во јужниот дел на градот. Во него е предвидена една градежна парцела со основна класа на намена „Г2“ – лесна и незагадувачка индустрија и компатибилни класи: Б1, Б2, Б4, Д3, Г3 и Г4. На површините во опфатот нема изградено објекти, односно сите претходни парцели се водат како градежно неизградено земјиште. Според податоците добиени од ЈП „Водовод и Канализација“ – Неготино, во планскиот опфат или во негова близина, нема постојна водоводна или канализациона мрежа.

Потребната количина на санитарна вода која треба да се обезбеди, ќе зависи од бројот на вработените т.е. усвоените водоснабдителни норми и коефициентите на нерамномерност. Истата може да се определи и према бројот и видот на изливните места (санитарни уреди), со помош на Бриксови единици на оптеретување. Покрај санитарната вода потребно е да се обезбеди пожарна и технолошка вода. Технолошката вода ќе зависи од самиот технолошки процес. Пожарната вода треба да ги задоволи потребите за надворешна и внатрешна пожарна заштита на објектите. За планскиот опфат со веројатност на појава се претпоставува еден пожар, со времетраење од 2 часа и количина на вода од 5.0 или 10.0 (л/сек), во зависност од големината на објектите. За превентивна заштита од истиот, потребно е да се предвиди работа на надворешни пожарни хидранти Ф80 мм (еден или два), кои имаат проток од по 5.0 (л/сек) или работа на внатрешни – ѕидни пожарни хидранти од Ф2" (два или три) со проток од по 2.5 (л/сек).

Бидејќи во опфатот или во негова близина нема водоводна мрежа, со оваа техничка документација предвидуваме водоснабдување со бунарска вода, односно изведба на цевасти бунари со хидростаница. Бројот на бунарите ќе зависи од бројот, големината и распоредот на објектите во

парцелата. Хидростаниците и потисните цевководи за санитарна вода ќе бидат димензионирани према потребната количина на вода, додека цевководите за пожарна заштита ќе се димензионираат према големината на објектите што ги штитат, минимум Ф80 мм или прстенаста мрежа Ф100 мм. Пумпните агрегати ќе бидат димензионирани према потребниот притисок на надворешните хидранти, од минимум 5.0 бари – за непосредно гасење.

Како втора варијанта треба да се напомене и следното: ако до изведба на објектите се доведе водоводна линија до опфатот, водоснабдувањето ќе се изврши со приклучок на истата.

- Фекална канализација

Количината на фекалните отпадни води која ќе се канализира се пресметува како 70÷80% од употребената вода, зголемена за 20% поради инфилтрација на подземни води.

Во близина на опфатот нема фекална канализација. Поради тоа се предвидува сопствено пречистување на фекалните води. Во зависност од количините на фекална вода, кои директно ќе зависат од потребната количина на вода т.е. бројот на вработени, ќе се усвои и капацитетот на монтажната пречистителна станица.

Поновите модели на МПС се карактеризираат со мала потрошувачка на електрична енергија и пречистување на отпадната фекална вода до втор степен (технолошка вода), која може да се користи за наводнување на зелени површини. Ефикасноста на пречистување изнесува до 97%, БПК5 за 20ºC < 20 мг/л и суспендирани материи < 30 мг/л. Бучавата во околината предизвикана од монтажната пречистителна станица е сведена на минимум. Исто така околината е заштитена од непријатна миризба.

После пречистување отпадните води ќе се испуштаат во попивателен бунар.

- Атмосферска канализација

Планскиот опфат што се обработува со овој УПВНМ, е со површина од 91,23ха. На градежната површина припаѓа 89,55 ха, а на јавните сообрајќајни површини 1,68 ха. Од источната страна поминува магистралниот пат Велес ÷ Гевгелија. Теренот е со пад од западната кон североисточната и југоисточната страна. Највисоката кота е на ридот кој се наоѓа на западната страна и таа изнесува 250 мнв. Од него теренот паѓа, прво со поголем пад и до 10%, а потоа во правец на магистралниот пат ублажува и изнесува 3.0 ÷ 4.0%. Понискиот дел од источната страна се спушта и до кота 180 мнв.

Вкупната количина на атмосферска вода од истиот, ќе изнесува:

$Q_{атм.} = F * q * \varphi * \Psi$ ..... (л/сек)

F = 91.23 - вкупна површина ... (ха)

q = 120.0 - меродавен дожд ... (л/сек*ха)

φ и Ψ - коефициенти на оттекување и ретардација

$Q_{атм} = 91.23 * 120 * 0,3 * 0,8 = 2627.42$ ... (л/сек)

На западната и југозападната страна од опфатот, околу ридот на кота 224 ÷ 225 мнв, се протега постоен канал за наводнување, кој ги прифаќа површинските води од повисоките површини. Атмосферските води од останатите површини гравитираат кон пониските делови т.е. кон магистралниот пат - источната страна. Атмосферската канализација која би се проектирала кај овие површини, ќе зависи од местоположбата на објектите и патната мрежа.

Атмосферските води од кровните површини, улиците и дворните површини, ќе се прифатат со систем на каналска мрежа (цевки, шахти, решетки и сливници) и ќе бидат одведени и насочени кон источната страна. Атмосферската канализација да се изведи со пластични или полиетиленски коругирани цевки, со падови диктирани од самиот терен, а дијаметрите ќе се одредат во зависност од припадните сливни површини. Вкупните атмосферски води треба да гравитираат покрај магистралниот пат во правец на јужната страна. Природни водотеци поодалечени од опфатот има на јужната страна кон населено место Тремник, кои ги одведуваат водите во правец на река Вардар. Таа поминува паралелно но од другата страна на магистралниот пат.

Согласно добиеното позитивно мислење за предлог планот од ,,Водостопанство Тиквеш,, Општина Кавадарци со бр.09-681/1 од 08.06.2015г. дека се надлежни за примарната отворена каналска мрежа ДМК, од кој вода за наводнување добиваат две регистрирани Водни Заедници ВЗ Дуброво и ВЗ Дисан – Тремник, во графичките прилози од планската документација се обележани секундарните канали од дистрибутивната мрежа за наводнување во границите на планскиот опфат од овој УПВНМ и тоа:

- DV-56, DV-57, DV-58 и DV-59, кои се под надрежност на Водна Заедница Дуброво; и
- DV-60 и DV-61, кои се под надрежност на Водна Заедница Дисан – Тремник;

При разработката на понатамошната проектна документација за овој плански опфат да се почитуваат насоките и принципите дадени во сите точки 1, 2, 3, 4 и 5 од добиеното позитивно мислење за предлог планот од ,,Водостопанство Тиквеш,, Општина Кавадарци со бр.09-681/1 од 08.06.2015г.

Бидејќи, локацијата на ДМК (десен магистрален канал) во доставениот графички прилог од Известувањето од ,,Водостопанство Тиквеш,, Општина Кавадарци не е означен каде поминува низ планскиот опфат од овој УПВНМ, затоа при разработка на овој УПВНМ со Архитектонско - урбанистички проект согласно актуелната законска регулатива, обавезно да се испочитува дадената Согласност за предлог планот со бр.09-222/2 од 14.04.2016г. издадено од ,,Водостопанство,, на Република Македонија - Подружница Тиквеш, Општина Кавадарци со исполнување на условите за третманот на ДМК дадени во две точки.

- Електрика и ПТТ

- Електроенергетика

Основното решение за УПВНМ за комплекс со намена лесна индустрија на КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в. ,,ЦРВЕН БРЕГ,, , КО ТИМЈАНИК И на КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в. ,,БУНАРЈЕВО,, , КО ДУБРОВО - Општина Неготино опфаќа површина на плански опфат од $912298,09m^2$ е предмет на изготвување на електричната мрежа и ПТТ комуникација.

Низ овие катастарски парцели поминуваат два далеководи од $400kV$ со заштитен појас од по $(15m+15m=30m)$ и еден далековод од $35kV$ со заштитен појас од $(10m+10m=20m)$. Влезот во овие катастарски парцели се одвива од регионалниот пат - Р1102 – Велес-,,Неготино-Демир Капија-Гевгелија,,

Овие катастарски парцели се со намена:

- Г2 лесна и незагадувачка индустрија

Поради големината на овие катастарски парцели и нивната вистинска намена не можат да се предвидат инсталации за трафостаници и улично осветлување се додека не се направи АУП (архитектонско урбанистички план). Откако ќе се направи АУП, и откако ќе се поделат на помали парцели тогаш ќе се побара ЕЕ согласност за напојување на тој дел, и ќе се предвидат точен број на трафостаници и друга соодветна електро инсталација.

Димензионирањето на електричната мрежа ќе се врши според електроенергетските параметри:

- Едновремена моќност според намената на индустрии,
- Едновремена моќност за улично осветлување,

Улично осветлување:

Според АУП кое ќе се изработи како втора фаза ќе се предвиди јавно осветлување кое ќе обезбеди удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, слична оној во дневни услови. Квалитетот на инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од елементи кои можат да се поделат во три групи:

Според елементите кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;

Според елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;

Според трендот на штедење на електричната енергија,м потребно е да се употребуваат, неонски светилки, светилки со ЛЕД диоде или светилки со метал халогени сијалици кои даваат добар светлосен флукс, трошат малку електрична енергија и имаат долг век на траење.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Електронската комуникациска инфраструктура е значаен фактор во развојот на општествениот стандард, со можноста за брзо ширење на секаков вид на информации.

Во планскиот опфат, евидентиран е оптички кабел, за кој се обезбедува заштитен појас, со цел да не дојде до оштетување при евентуални градежни работи. Димензионирањето на електронската мрежа (телефон+интернет) за класа на намена, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта се определува според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговски деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучоци, или на секои $10.000m^2$ по два телефонски приклучоци.

$$\frac{2x912298,09}{10.000}=182.46$$ (телефон+интернет, приклучоци)

Од сето ова произлегува дека за планскиот опфат со резерва потребно да се обезбедат околу 200 телефонски приклучоци.

Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Р. Македонија се Т-Мобиле, ОНЕ и ВИП. Тие во секојдневни развојни активности вршат квалитетно мрежно покривање со мобиле сигнал на региони,

општини и населени места, изготвување на проекти за развој на GSM мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот и усогласување на развојните планови со одделни институции на државата.

Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја. Овој регион целосно е покриен со сигнал и на трите мобилни оператори

Заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11) и подзаконските акти кои се однесуваат на предметната проблематика (Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето (точка 13, Сл. весник на Р.М. број 153/07);

Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на законза животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

вршењето различни дејности;

загадувачките супстанци и технологии;

отпадот;

бучавата и вибрациите;

јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, коа што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот и која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;

изградба на современа инфраструктура;

селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата

озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел

заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура

при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука

загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Планот предвидува целосно прифаќање на отпадните води каде ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената градежна парцела.

- *Заштита на почвата*

Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

- *Заштита на водата*

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник. За опфатот ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во планскиот опфат.

- *Заштита на воздухот*

Релативно чистиот воздух може да биде загаден поради протокот на голем број на товарни возила, автобуси и лесни моторни возила на магистралниот и регионалниот пат кои се во близина на овој простор.

- *Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад*

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

- *Заштита од бука*

Намената на просторот е лесна и незагадувачка индустрија и инфраструктура, што покажува дека во зависност од намената на одделни градежни парцели можат да се лоцираат и градби кои предизвикуваат поголемо ниво на бучава. Се препорачува користење на технологија која не прави голема бучава, односно да се користи софистицирана опрема.

- *Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)*

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Од Условите за планирање на просторот се гледа дека на просторот кој го опфаќа овој УПВНМ *нема евидентирано природно наследство.*

Доколку при изработката на овој УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в."ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в."БУНАРЈЕТО", КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11).

- **Мерки за заштита и спасување**

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, бр,.05/03, бр.58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 185/11), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05 и 36/11), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите и проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на примена со Уредба го уредува Владата.

